# Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ДЕКЕМВРИ 2011 - БРОЈ 19

## *Среќни новогодишни*
## и Божиќни празници



**БЕСПЛАТНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА**
**0800-42222**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**БРОЈ ЗА СМС КОМУНИКАЦИЈА**
**070/254-772**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

www.gazibaba.gov.mk





Со средства од Светка банка по Програмата ГЕФ за енергетска ефикасност, преку Министерството за економија се реновираа три објекти на територијата на општина Гази Баба, "Сончоглед" Автокоманда во склоп на ЈДУГ Детска Радост и "Сонце" и "Синоличка" во склоп на ЈДГУ 25 Мај н. Ченто.

# Реновирани три градинки













Во објектите се направи комплетна реконструкција на системот за парно греење, промена на фасада, поставување на ПВЦ прозорци, поставување на сончев колектор за топла вода, поставување на штедливи сијалици и во една градинка, промена на кровна конструкција. За овие активности од Светска банка потрошени се 300.000 долари.

Општина Гази Баба учествуваше во овој проект со 40.000 долари, за комплетно кречење на објектите, поставување на еден сончев колектор за топла вода, изградба на пристапни патеки од павер елементи и хортикултурно уредување на дворовите.

Објектите беа предадени во употреба од градоначалникот, Министерот за економија и претставници од Светска Банка.

Почитувани сограѓани,

Ова е дел од годината кога владее повесела празнична атмосфера, но воедно е и период кога ги правиме нашите анализи во однос успешноста на реализацијата на планираните проекти. Можам да кажам дека 2011 год е една од поуспешните во споредба со претходните, бидејќи најголем дел од планираните проекти успеавме да ги реализираме. Оваа година општината прослави јубилеј 35 години од своето формирање и правејќи ретроспектива може да се забележи дека од година во година општината бележи развој на сите полиња. Во оваа година имавме одлична соработка со Владата на РМ, со градот Скопје, со Јавните претпријатија во Градот Скопје, но пред се имавме одлична соработка со граѓаните, односно урбаните и месните заедници. Оваа успешна сорабтка вроди плод со реализација на голем дел на проекти. Во соработка со Агенцијата за државни патишта во изминатиов период ја подобривме патната инфраструктура во должина од 15 км со вредност од околу еден милион евра, со изградбата на локалните патни правци Раштак-Црешево, Брњарци-Стајковци, Ј.Сандански-Инџиково и Дрма -Идризово. Во соработка со Министерството за економија и градот Скопје во завршна фаза е изградбата на фекалната канализација Инџиково-Стајковци во вредност од близу пола милион евра. Во изминатата година употребивме околу 150 камиони гребен асфалт и 480 камиони тампон за санација на локалните улици, изградивме паркинзи во населбата Автокоманда, Триангла, Хиподром, Ченто, Колонија, продолживме со изградба на пешачките патеки кои се многу значајни за безбедно движење на пешаците на регионалниот пат Р103, во населбите Ченто, Автокоманда, Железара и Хиподром, во соработка со Градот Скопје се изгради ролерско велосипетската патека покрај кејот на реката Вардар, а во соработка со ЈП Водовод и канализација се работеше на поставување на нова водоводна мрежа во Трубарево, Керамидница, Кадриово маало и са направи замена на дел од старите водоводни цевки на улицата Благоја Стефковски. Продолживме со нашите активности во делот на подобрување на комуналната чистота и заштитата на животната средина. Во соработка со ЈП Комунална хигиена успешно се реализира организираниот начин на собирање на комуналниот отпад на цела територија на Општина Гази Баба, а со донација од Владата на РМ се поделија бесплатни канти за собирање на отпадот. Самиот факт што оваа година само од руралната средина беа собрани околу 7000 тони комунален отпад, кој во минатото граѓаните го фрлаа на дивите депонии покрај реките или каналите, говори дека овој проект е од големо значење во делот на заштитата на животната средина, а воедно оваа година во континуитет ангажиравме околу 50 работници кои работеа на чистењето и одржувањето на хигиената во сите населени места. За прв пат оваа година учениците од с. Црешево и с. Булачани добија ново парно греење во училиштата, со што во голема мера се подобрија условите за нормално одвивање на учењето, а учениците од н.м.Трубарево добија нова училишна спортска сала. Во соработка со Светска банка успешно направивме реконструкција на три градинки Сонце, Синоличка и Сончоглед во делот на подобрување на енергетската ефикасност со вкупна вредност од 340.000 долари. Во делот на Урбанизмот исто така имавме успешна реализирана програма со усвојување на неколку детални урбанистички планови, а воедно имавме и успешна реализација на законот за легализација на нелегалните објекти што резултираше со собрани најмногу барање за легализација на територија на РМ, вкупно околу 16000 кои започнавме да ги решаваме, а воедно бевме прва општина што ги издаде решенијата за легализирање на објектите. Подготвено, на крајот од оваа година ја очекуваме и следната наша надлежност, управувањето на државното градежно земјиште, со што на инвеститорите ќе им овозможиме полесен пристап за реализација на планираните активности, бидејќи на едно место ќе можат да ги добијат сите потребни документи. Подеднакво посветивме внимание и во реализацијата на проектите од областа на културата и спортот. За прв пат од оваа година востановивме културна манифестација "Големата мајка" која традиционално на денот на мајката ќе се одржува на локалитетот Тумба Маџари. Оваа година се пушти во употреба фудбалскиот стадион во Трубарево и се изградија мултифункционални игралишта во Стајковци и "Кирил Петрушевски".



**Градоначалник на Општина Гази Баба Тони Трајковски**

Деновиве беше усвоен буџетот и програмите за 2012 год. кои според планираните активности можам слободно да кажам дека очекуваме да биде многу поуспешна во однос на оваа, пред се во реализација на многу поголем број на капитални проекти.

И наредната година ќе продолжиме заедно со вас, прво да ги детектираме приоритетните проблеми, а потоа и да бараме решение во насока на обезбедување на подобри услови за живеење и подобар стандард.

Со желба за многу здравје , среќа и успех Ви ја честитам новата 2012 год и Ви посакувам среќни Божиќни празници.



## Дренажа околу ОУ Наум Охридски

Поради високото ниво на подземните води во н.м. Црешево и проблемот кој се јавува во училиштето со поплавување на подрумските простории, каде сега е сместен котелот за парно греење, општина Гази Баба направи дренажа околу училиштето.

За непречено стигнување на цистерните за нафта



до резервоарите, тампонирана е пристапна патека.

Од својот буџет за овие активности општината издвои средства во висина од 700.000,00 денари.





## Крпење на ударни дупки

На целата територија на општината, изминатиот период се работеше на крпење на ударните дупки на улиците.



## Асфалтирање на улица кон Инџиково

Во н. Ченто покрај СОС Детско Село до мостот пред Инџиково, Јавното претпријатие Улици и патишта ја асфалтираше улицата, која е со должина од



300 м и широчина од 4м. Вредноста на оваа активност изнесува 1.200.000,00 денари.



# Бунар во Смилковци

За заштеда на водата од водоводот, Општина Гази Баба направи ископ за бунар во населеното место Смилковци. Во ископот длабок 54 м вградена е цевка О 250 во која има поставено филтри за прочистување на водата и пумпа.

Водата ќе се користи за наводнување на спортското игралиште и за парковското зеленило пред Црквата Св. Недела.

За оваа активност општината од својот буџет издвои средства во висина од 360.000,00 денари, а работите ги изведуваше фирмата "Николови".





Во подрачното училиште во н.м. Цресево и во централното училиште "Наум Охридски" во Булачани, се пушти во употреба новото парно греење, кое го замени досегашното греење на дрва.

Парното во употреба го пуштија градоначалникот Тони Трајковски и Министерот за образование и наука, Панче Кралев.



















# Парно греење во ОУ Наум Охридски






## Регионални фолклорни смотри

Во Универзална сала се одржаа Регионални фолклорни смотри под покровителство на општина Гази Баба и Министерство за култура.

Присутните во салата ги поздравија председателот



на Сојузот на фолклорни ансамбли на Македонија, Боро Рунтевски и градоначалникот Тони Трајковски.



Осум Ансамбли за народни песни и игри од Скопскиот регион изведоа кореографии од повеќе краеви на Македонија.

Претставник од општина Гази Баба беше Ансамблот за народни песни и игри "Јонче Христовски".



# Градоначалникот на град Скопје во посета на општина Гази Баба

Градоначалникот на град Скопје , Коце Трајановски со директорите и раководителите на пунктовите од Јавните претпријатија, надлежни за општината, беа во работна посета на општина Гази Баба, на која присуствуваа градоначалникот Тони Трајковски и раководителите на секторите во општината. На средбата беа присутни и претставници од урбаните и месните заедници од територијата на општина Гази Баба, кои ги изнесоа проблемите од своите населени места, а воедно и даваа предлози како заеднички да се решат истите. Работните средби од ваков тип ја подобруваат комуникацијата помеѓу Јавните претпријатија и општинската администрација, кои резултираат со подобрување на работата на Јавните претпријатија на терен.







## Посета на урбани и месни заедници

Градоначалникот Тони Трајковски и претставници од општинската администрација, пред донесувањето на Програмите за работа и Буџетот за 2012 година, ги посетија месните и урбаните заедници, каде со граѓаните заедно ги дефинираа приоритетите за следната година.

Проблемите кои ги изнесуваа граѓаните беа од разни области, но најповеќе се задржуваа на подобрување на инфраструктурата во нивните места на живеење.









# Есенско расчистување

Покрај редовното одржување на хигиената на својата територија и оваа година Општина Гази Баба во соработка со Јавните претпријатија Комунална хигиена и Паркови и зеленило, спроведе организирана акција за расчистување.

Акцијата опфати расчистување на дивите депонии на територија на општината, се сервисираа оштетените контејнери, се изврши метење и миење на улиците, се собираше на паднатиот листинец и се кастреа сувите гранки на дрвјата од јавните површини.

Во рамките на акцијата, граѓаните имаа можност да го изнесат кабастиот отпад од домакинствата, како и старите и неупотребливи предмети покрај контејнерите на главните улици, од каде беа подигнати од страна на ЈП Комунална хигиена.



# *Посадени 110 нови садници во општина Гази Баба*

Во рамките на проект на Градот Скопје и во соработка со јавното претпријатие Паркови и зеленило, на територија на Општина Гази Баба беа посадени нови 110 декоративни садници. Истите се посадени на повеке локации во Општината меѓу кои:

- Парк на Скулптурата, Автокоманда
- Парк Ченто
- Парк Борис Трајковски
- Долж Булеварот Александар Македонски, улиците Благоја Стефковски, Јани Лукровски, Јужноморавски Бригади, Палмиро Тољати и други локации каде од различни причини (временски непогоди, болести, старост и сл) недостасуваа дрвја во дрворедите.

## Хортикултурно уредување на паркот Ченто

Во рамките на проектот на општина Гази Баба за хортикултурно уредување на паркот во населба Ченто, посадени се нови садници кои го збогатија и разубавија паркот. На овој простор се посадија 60 декоративни листопадни и иглолисни дрвја, околу 120 декоративни грмушки, а уредена е и една нова жардињера.

Проектот за хортикултурно уредување го направи и изведе јавното претпријатие Паркови и зеленило со финансиски средства од Министерството за животна средина, како резултат на годишна распределба на средства поради согорување на фосилни горива на територија на општина Гази Баба. На овој начин ќе се ублажат последиците од согорувањето на фосилни горива и ќе се придонесе за поквалитетно живеење и поздрава животна средина во нашата општина.





# Александар Трендафилов

# Декан на Шумарски факултет

**Шумарскиот факултет доби плакета за успешна соработка со општината за нејзината 35 годишнина. Дали е ова ваше прво признание од локалната самоуправа?**

Првенствено, од мое лично име, како декан на УКиМ - Шумарски факултет-Скопје, од името на Деканатската управа и сите вработени на Факултетот, изразувам голема благодарност до Градоначалникот на Општина Гази Баба и вработените во општината, особено секторот / одделението за заштита и унапредување на животната средина за искажаната доверба и доделеното признание. Оваа не е прво признание за искажана соработка и доверба помеѓу двете институции, особено на полето на соработка помеѓу факултетот и локалните самоуправи во РМ. Како единствена високообразовна и научноистражувачка институција во РМ од областа на шумарството, пејзажната архиектура, заштитата, одржливиот развој и унапредувањето на животната средина, повикани сме на соработка со многу општини во РМ. Со одредени општини имаме потпишано и Меморандуми за соработка, со кои се договорени основните насоки, правци и полиња на соработка и дејствување.

**Како е прифатено ова признание од Вас и од колегите?**

Признанието е потврда за досегашната успешна соработка помеѓу двете институции и силен мотив за идна покреативна, посодржајна и сестрана соработка и тоа не само со Факултетот, туку и со невладината студентска асоцијација "Дрен" при УКиМ Шумарски факултет-Скопје со која реализиравте еден успешен проект (Дендропарк-училница во природа), а следува и реализацијата на втор проект. Како непосредни комшии, повикани сме на заемна соработка со сите потенцијали и капацитети кои ги имаме на располагање.

**Колку сте задоволни од соработката со општината?**

Како што нагласив, во изминатиот период имавме заеднички и успешни активности на проекти/акти поврзани со дворното место на факултетот и Дендропаркот, објектот Трубарево каде УКиМ-Шумарски факултет-Скопје управува со 3 заштитени подрачја и државно ловиште за ситен дивеч, првенствено за научноистражувачки цели. Заедно со Вас како општина на чие подрачје се лоцирани горе наведените објекти, активно учествуваввме во револоризацијата на заштитените подрачја, под менторство на Министерството за животна средина и просторно планирање. Со поддршка на Вашата општина го заокруживме проектот "Фонтана" на Факултетот, со канделабри, клупи и друга придружна опрема, осветлувањето на патека од Храмот Св. Архангел и Михаил до булеварот Александар Македонски, што е во функција на безбедно движење на студентите од студентскиот центар "Стив Наумов", студентите од нашиот кампус и граѓаните кои во ноќните часови активно ја користат оваа патека. Се надевам дека во иднина ќе реализираме повеќе проекти, првенствено, ограда на овој значаен комплекс, заедно со Факултетот за земјоделски науки и храна, Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер и Земјоделски институт.

**Накој начин и помагате на општината?**

Првенствено, со услуги кои се од доменот на нашата професионална определба и ангажирање, доминантно преку капацитетите на наставно-научниот кадар на факултетот, Шумско опитната станица на факултетот како нераскинлив дел од образовната, научноистражувачката и апликативната дејност на Факултетот.

Секогаш сме биле и сме на располагање, да преку консултативни и стручни услуги помагаме во подготовката на проектна документација и подигањето на нови зелени површини на територијата на Општина Гази Баба. Паркот во Јумлери е во целосна реализација на нашиот Факултет (проект и изведба).

Помагаме во разубавувањето и облагородувањето на училишните дворови во општината Гази Баба, со саден материјал произведен во нашите расадници. Исто така, учествувавме и во обуката и едукацијата на учениците за правилно засадување на садниците и значењето на вегетацијата во одржливиот развој на природните и градските екосистеми.

Со години наназад ги изработуваме плановите за одгледување и заштита на парк-шумата "Гази Баба".

Секогаш сме на располагање, особено кога станува збор за проекти и проблеми поврзани со дејноста на Факултетот.

Идната соработка можеме да ја збогатиме преку изработка и реализација на проекти од областа на градското и вонградското зеленило, уредување на паркови, скверови, булевари, дворни објекти, посета на дечиња од предшколска возраст и ученици од основните училишта и друго.

**Што е она што би требало општината да направи во соработка со факултетот?**

Материјална и финансиска поддршка на проекти кои се од интерес на Општината, Факултетот и градот Скопје.

Факултетот,преку капацитетите и потенцијалите на Шумско опитната станица произведува саден материјал за класично пошумување и декоративен саден материјал за одржување и подигнување на нови зелени површини.





Coca-Cola
ужuваj
bo магuјата на
празнuците



# Момир Илиевски

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ИНВАЛИДИ НА ТРУДОТ И КОРИСНИЦИ НА ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА – ГАЗИ БАБА

**Од кога постои Здружението на територијата на општина Гази Баба и колку членови има?**

Здружението постои од 1993 година и во моментот има 2300 членови. Јас сум претседател од 2007 година, а во 2011 година сум повторно избран со мандат од четири години.

**Како Здружението води грижа за своите членови?**

Здружението има Статут и Програма во која се опфатени сите категории на инвалидски пензионери и водиме грижа да си ги остварат сите нивни права дадени од институциите на државата. Тука спаѓаат редовна исплата на пензиското остварување, право на помагала за лицата со тежок инвалидитет, бањско лекување, користење на бенефиции за превоз, помош за сместување во пензионерски домови и друго. Исто така, ги посетуваме тешко болните членови, а на членовите со ниски примања им доделуваме финансиска помош и прехрамбени пакети. Средствата се од членарината, која ја плаќаат сите членови на Здружението. За членовите со помал инвалидитет организираме спортско рекреативни и културни дружења.



**Дали имате соработка со други Здруженија?**

Соработка имаме со други Здруженија, како од градот Скопје така и од другите градови во Македонија. Разменуваме мислења, се консултираме, правиме заеднички средби.

**Каква ви е соработката со општина Гази Баба?**

Со градоначалникот и со општинската администрација имаме добра соработка, имено со општина Гази Баба имаме потпишано Спогодба за соработка, која ни овозможува да ги оствариме предвидените активности во нашата Програма за работа.

Имаме соработка и со урбаните и месните заедници, каде што нашите членови се организираат за заедничко дружење.



Нека Новата 2012 година влезе во вашите домови
со надеж и радост. Дочекајте ја со срца исполнети со љубов.
Нека Вашиот нов почеток биде поим за среќа, мир, топлина...
Нека оваа година Ви донесе редица успеси,
безброј насмевки на Вашите лица и
**здравје, пред сè...**

**Среќни празници!**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
*Здравјето пред сè*
www.alkaloid.com.mk





Општина Гази Баба со свечена седница го прослави својот 35-ти роденден.

На свечената седница беа доделени награди на учениците од основните училишта кои имаа најубави литературни и ликовни творби, подготвени за конкурсот "Мојата општина".

Награди добија:

- Бојана Пешова ОУ Дане Крапчев - Литературна творба
- Анастасија Милковска ОУ Његош - литературна творба
- Азра Мјаку ОУ 25 МАЈ - литературна творба
- Моника Атанасовска ОУ Дане Крапчев - ликовна творба
- Марија Стефановска ОУ Крсте Мисирков - ликовна творба
- Кристијан Марков ОУ Вера Јоциќ- ликовна творба
- Илија Видовиќ ОУ Наум Наумовски Борче - ликовна творба

Општина Гази Баба, за афирмација и успешна соработка со општината додели плакети на:

- Карате клуб "МЕТАЛУРГ", за афирмација на општината од областа на спортот.
- Ансамблот за песни и ора "ЈОНЧЕ ХРИСТОВСКИ", за афирмација на општината од областа на културата
- Шумарски факултет, за успешна соработка со општината
- Фирмата ЖИКОЛ Струмица, за успешна соработка
- Бригада за противпожарна заштита на град Скопје, за успешна соработка.
- На Елена Стојанова Канзурова и Драгиша Здравковски, за упорноста, истрајноста во реализацијата на Проектот ТУМБА МАЏАРИ и за афирмација на општината во областа на културата, и на
- Александар Ѓорѓиевски, светски шампион во кик бокс

Александар на светското првенство во кик бокс, кое се одржа во месец октомври во Скопје, го освои првото место во категоријата - кик лајт.



# Општина Гази Баба го просл
























# лави својот 35 - ти роденден















# Театар Чекори со нова премиера

По повод одбележувањето на 35 - годишнината од формирање на општина Гази Баба, аматерскиот театар "Чекори" подготви и изведе премиера на театарска претстава "Нова сезона".

Младите актери ја одушевија публиката и покажаа дека љубовта кон театарот, сериозниот пристап кон улогите и напорната работа доведува до успех.







## Реновиран Културниот дом во Автокоманда

За да се подобрат условите за работа на аматерскиот театар "Чекори" и да се направат услови каде што во зимскиот период би можело да се одржуваат културни настани, општината го реновираше Културниот дом "Димитар Влахов" во Автокоманда.



# Гоце Саздов

## УМЕТНИЧКИ ДИРЕКТОР НА КУД ЈОНЧЕ ХРИСТОВСКИ

**Дали е ова ваше прво признание кое вашиот ансамбл го има добиено од општината?**

- Првото признание од страна на општината ансамблот "Јонче Христовски" го доби во 2009 година. Во рамките на прославата за денот на општината ни беше доделена плакета за особен придонес во областа на културата. Инаку, 2009 година беше доста успешна за ансамблот како на домашен така и на меѓународен план. Ансамблот таа година зеде учество дури на четири гостувања: на детскиот меѓународен фолклорен фестивал кој што се одржа во Зелена Гора, Р.Полска, на сениорскиот меѓународен фолклорен фестивал во Р. Унгарија, како и на меѓународни фолклорни фестивали во Белград, Р. Србија и Кутина, Р. Хрватска. На овие меѓународни фолклорни фестивали, ансамблот се сооочи со повеќе од 30 ансамбли од цел свет. Оваа година ансамблот освои прво место на фестивал во Истамбул, Р. Турција во конкуренција од десет држави. Ова признание и оваа година резултираше со добивање на плакета за придонес во областа на културата од општина Гази Баба.

**Што значат за вас и за членовите овие признанија?**

- Сите членови на ансамблот "Јонче Христовски" се трудољубиви и со голема љубов и ентузијазам ја негуваат и презентираат македонската култура и уметност. Признанијата што ги добиваме од општината, значат првенствено поголема одговорност и поттик како за нив така и за мене за во иднина многу повеќе да се посветиме на македонската орска и песнопојна традиција којашто ја имаме во изобилие.

**Како се одвива соработката со општината?**

- Соработката со општината ни е навистина коректна и заедно организираме повеќе културни манифестации. Една од нив е и меѓународниот фолклорен фестивал "Гази Баба" кој што оваа година се одржа по втор пат и на истиот учество земаа групи од Чешка, Бугарија и Србија. Исто така, оваа година општината беше покровител на детската регионална смотра на град Скопје, која што се одржа на плоштадот во Автокоманда на која што манифестација зедоа учество речиси сите ансамбли од градот и неколку ансамбли од националностите кои живеат во Р.Македонија. Општината беше покровител и на сениорската регионална смотра на град Скопје, која се одржа во Универзалната сала и со тоа општина Гази Баба стана најголем поддржувач и пријател на фолклорните ансамбли, за што ние фолклорните работници сме исклучително благодарни.



**Кои се ваши планови за следната година во соработка со општината?**

- Секако приоритет ќе дадеме на следната организација на меѓународниот фестивал "Гази Баба" кој ќе се одржи од 25 - 29 јуни 2012 година и за кој ние веќе поканивме четири ансамбли од Лублин, Р. Полска, Тирана, Р.Албанија, Измир, Р.Турција и од Загреб, Р. Хрватска. Се надеваме дека поканетите ансамбли ќе понудат програма која ќе биде интересна за граѓаните.

Следната 2012 година очекуваме да биде мошне богата со програми за нашиот ансамбл, со оглед на тоа дека веќе ни пристигнаа дури пет покани за учество на меѓународни фестивали од повеќе држави, со што се покажува дека меѓународниот углед на ансамбл "Јонче Христовски" е одличен. Секако дека очекуваме општина Гази Баба да ни излезе во пресрет за реализирање на овие наши гостувања и да продолжи нашата успешна соработка.

**Што и е потребно на општината за поголем развој на културата?**

- Организирање на повеќе културни манифестации од секаков вид, поттикнување на културните работници во општината со обезбедување на соодветни услови за работа, одржување на што е можно повеќе манифестации од меѓународен карактер, со што повеќе би се афирмирала општина Гази Баба на меѓународен план. Исто така, се надевам дека меѓународниот фестивал "Гази Баба" кој прерасна во традиционален фестивал на општината, на кој секоја година ќе учествуваат поголем број на ансамбли и истиот ќе стане член на светските организации на фестивали ЦИОФФ и ИОВ со што интересот за учество на овој фестивал ќе биде престиж за ансамблите и афирмацијата на општината ќе биде поголема.




# Општина Гази Баба на ЗЕЛС ЕКСПО

ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
Подружница „ЕНЕРГЕТИКА" – Скопје
16-та Македонска бригада бр.18, 1000 Скопје, п. фах 734, Р. Македонија



СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ
И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ

тел.: +389 (0)2 31 04 800, +389 (0)2 31 04 874; факс: +389 (0)2 31 04 876; www.elem.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk



# Ден на дрвото "Засадија својата иднина"

Градоначалникот Тони Трајковски на Денот на дрвото, со учесниците на Меѓународната конференција за Регионален развој во Западен Балкан 2011, посадија дрвца во дворот на Детската градинка "Детска радост" во објектот Сончоглед во Автокоманда. Секоја земја учесник на конференцијата посади по едно дрво, со што се приклучија на нашата акцијата Ден на дрвото.

Во кругот на "Скопски легури", градоначалникот заедно со претставниците од истата фирма засадија дрвца, со што ја продолжија повеќегодишната заедничка соработка со општина Гази Баба, со цел заедничка грижа околу заштитата и зачувување на животната средина, преку оплеменување на празните површини. Во н.м.Мршевци градоначалникот заедно со општинската администрација засадија дрвца.







# Интернационален ден на волонтерите

Општина Гази Баба и оваа година го одбележа интернационалниот ден на волонтерите 5-ти декември со заеднички активности со фирмата Арчелормитал.

На Плоштадот во Автокоманда на столбовите за улично осветлување, вработените од општина Гази Баба и Арчелормитал, поставија корпи за отпадоци. На повеќе локации во општината се поставија 50 корпи, донација од фирмата Арчелормитал.

Во активностите се вклучија и градоначалникот Тони Трајковски и главниот извршен директор на Арчелормитал, Хуан Педро Наваро.



# ОУ Његош - Вицешампиони на Република Македонија







Екипата од ОУ Његош од н.м. Колонија на државниот натпревар по против пожарна заштита, кое се одржа во Кичево го освоија второто место, односно две екипи имаа најголем ист број на поени и по пат на ждрепка се пласираа на второ место.До државниот натпревар екипата на ОУ Његош стигна преку освојување на првото место на општинскиот натпревар и освојување на првото место на ниво на град Скопје.

Градоначалникот Тони Трајковски ги прими членовите на екипата, нивниот ментор и директорката на училиштето, при што им се заблагодари за нивното залагање и големиот успех, им посака да продолжат со успесите како на ова, така и на сите полиња.

Воедно, претседателот на Противпожарниот Сојуз на Гази Баба, на градоначалникот му врачи плакета, за подршката која општината постојано ја дава во сите нивни активности.









# Училиштето Дане Крапчев во борба за Зелено знаме

Основното училиште Дане Крапчев е вклучено во проект на Министерството за образование и се бори за титулата ЕКО- училиште и освојување на зеленото знаме, кое ќе подразбира почитување на принципите на животната средина и функионирање на училиштето на начин на кој ке ја унапредува и заштитува животната средина. За таа цел, активностите на училиштето се насочени кон проекти за заштеда на вода во училиштето, заштеда на енергијата, уредување и озеленување на училишниот двор и слично. Исто така, учениците дадоа активен придонес во обележување на денот за заштеда на енергијата, со цел кај учениците да се развие свеста за потребата од штедење на електрична енергија и промена на навиките.

Градоначалникот Тони Трајковски во својот кабинет прими неколку ученици и заинтересирано го следеше презентирањето на проектите во кои се вклучени учениците и наставниците од ова училиште и беше задоволен од успешното реализирање на истите.





# Активности во предучилишната установа "25 Мај"







# Донесен Буџетот за







# 2012 година

Членовите на Советот на општина Гази Баба на четириесеттата седница го донесе Буџетот за 2012 година, кој изнесува 730.129.000,00 денари.

Основниот Буџет, наменет за финансирање на основните активности на општината, изнесува 324.379.000,00 денари; Буџетот на донации изнесува 1.300.000,00 денари; Буџетот на блок дотации за финансирање на основните училишта и детските градинки, изнесува 341.950.000,00 денари.

Од планираните средства на основниот Буџет на општината, најголемиот дел е планиран за финансирање на активностите од областа на урбанизмот и комуналната инфраструктура - водоводи, канализација, пречистителни станици, улици и патишта, улично осветлување, зимско одржување на улиците, јавна чистота и одржување на паркови и зеленила, заштита на животната средина и природата, културни манифестации и творештво, за спорт и рекреација.

# Мирче Јанушевски




# КК Металург

## 2005

**ТАМАРА РИБАРСКА,**
**(дел од 3-члената екипа во кати)**
- Најдобра екипа во Скопје за 2005 година
- Најдобра екипа во КФМ за 2005 година

**Место** Тенерифе, Шпанија (13-15.05. 2005 година)
**Шампионат** 40-ти Европски карате шампионат за сениори
**Пласман** Трето место - бронзен медал
**Категорија** Екипно кати девојки
**Учесници** 39 земји
**Тимови** 11

## 2007

**ИВО ЦВЕТКОВСКИ**
**- Спортист на годината за 2007**
- Награда 13-ти Ноември

**Место** Братислава, Словачка (04-06.05. 2007 година)
**Шампионат** 42-ри Европски карате шампионат за сениори
**Пласман** Вицешампионска титула - сребрен медал
**Категорија** Борби до 65кг
**Учесници** 42 земји
**Натпреварувачи** 35

**ИВО ЦВЕТКОВСКИ**
**Место** Истанбул, Турција (19-21.10.2007 година)
**Шампионат** 5-ти Светски карате шампионат за кадети и јуниори
**Пласман** Трето место - бронзен медал
**Категорија** Борби до 70кг јуниори
**Учесници** 83 земји
**Натпреварувачи** 61

## 2008

**ИВО ЦВЕТКОВСКИ**
**- Плакета за придонес и афирмација на Универзитетот "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" Скопје - 24 Мај 2008**

**Место** Трст, Италија (15-17.02.2008 година)
**Шампионат** 35-ти Европски карате шампионат за кадети и јуниори
**Пласман** Трето место - бронзен медал
**Категорија** Борби до 70кг јуниори
**Учесници** 44 земји
**Натпреварувачи** 34

**МАРТИН НЕСТОРОВСКИ**
**- Најуспешен јуниор за 2008 година**

**Место** Трст, Италија (15-17.02.2008 година)
**Шампионат** 35-ти Европски карате шампионат за кадети и јуниори
**Пласман** Трето место - бронзен медал
**Категорија** Борби до 80кг јуниори
**Учесници** 44 земји
**Натпреварувачи** 30

**ТАМАРА РИБАРСКА, САЊА НИКОЛИЌ,**
**(дел од 3-члената екипа во кати)**
- Спортски оскар за најдобра универзитетска екипа за 2008

**Место** Вроцлав, Полска (04-06.05. 2008 година)
**Шампионат** 6-ти Светски универзитетски карате шампионат
**Пласман** Шампионска титула - златен медал
**Категорија** Екипно кати девојки
**Учесници** 39 земји
**Тимови** 9

## 2009

**ИВО ЦВЕТКОВСЌИ, ОГНЕН ГРУЕВСКИ, АМИР БЕГОВИЌ, МАРТИН НЕСТОРОВСКИ**
- (дел од 7-члената екипа во борби)
- Прв екипен медал во борби во историјата на Карате Федерација на Македонија

**Место** Мадрид, Шпанија (30.05.2009 година)
**Шампионат** 7-ми Европски Шампионат за региони
**Пласман** Трето место - бронзен медал
**Категорија** Екипно борби машки
**Учесници** 50 региони
**Тимови** 28

**ИВО ЦВЕТКОВСЌИ, ОГНЕН ГРУЕВСКИ, АМИР БЕГОВИЌ, МАРТИН НЕСТОРОВСКИ**
- (дел од 7-члената екипа во борби)
- Репрезентацијата на Универзитетот "Кирил и Методи" беше 3-та во Европа од 74 универзитети
- Спортски оскар за најдобра универзитетска екипа за 2009

**Место** Кордоба Шпанија (16-19.07.2009)
**Шампионат** 4-ти Европски Универзитетски Карате Шампионат
**Пласман** Шампионска титула - златен медал
**Категорија** Екипно борби машки
**Учесници** 74 универзитети
**Тимови** 13

**АМИР БЕГОВИЌ**
**Место** Кордоба Шпанија (16-19.07.2009)
**Шампионат** 4-ти Европски Универзитетски Карате Шампионат
**Пласман** Трето место - бронзен медал
**Категорија** Борби до -84кг
**Учесници** 74 универзитети
**Натпреварувачи** 25

**МАРТИН НЕСТОРОВСКИ**
**Место** Кордоба Шпанија (16-19.07.2009)
**Шампионат** 4-ти Европски Универзитетски Карате Шампионат
**Пласман** Трето место - бронзен медал
**Категорија** Борби до +84кг
**Учесници** 74 универзитети
**Натпреварувачи** 17

## 2010

**БОЈАН ЈОВАНОВСКИ**
**Место** Измир Турција (05-07.02.2010)
**Шампионат** 37-ми Европски Карате Шампионат за кадети, јуниори и јуниори до 21 година
**Пласман** Трето место - бронзен медал
**Категорија** Борби до -68кг(јуниори)
**Земји** 41
**Натпреварувачи** 35

**ОГНЕН ГРУЕВСКИ**
**Место** Атина Грција (07-09.05.2010)
**Шампионат** 45-ти Европски Карате Шампионат за сениори
**Пласман** Трето место - бронзен медал
**Категорија** Борби до -84кг
**Земји** 40
**Натпреварувачи** 35

**МИРЧЕ ЈАНУШЕВСКИ**
**добитник на - Награда 13-ти Ноември за 2010 година**

**Колку време КК Металург постои на територијата на општина Гази Баба?**

Карате клубот е формиран во 1969 година од страна на Рудници и Железарница "Скопје" -Скопје

**Во изминатиот период, кои се позначајни трофеи на Вашиот клуб?**

КК Металург во изминатиот период, постигна повеќе врвни меѓународни спортски резултати меѓу кои ќе ги издвоиме највредните, освојувањето на европски и светски медаљи.

**Колку сте задоволни од соработката со општината?**

Од соработката со општината сме генерално задоволни, заедно може повеќе да се направи во учење и образување на младите за правилно однесување во спортот за време на спортски натпревари без испади и тепачки, почнувајќи од училиштата и во соработка со нив. Да се организираат заедно со спортските клубови акции со еколошки содржини на ниво на цела општина. Пример, да се исчисти шумскиот појас Гази Баба кој е идеален за спортување.

**По повод денот на општината добивте плакета за афирмација на општината од областа на спортот. Колку таа ќе влијае мотивирачки на вашата понатамошна работа како клуб?**

Признанието од општината за она што досега го направивме за нејзина афирмација и афирмација на спортот меѓу младите, истовремено е голем поттик и обврска со стекнатиот углед меѓу младите да продолжиме понатму и со напорна и непрекината работа да постигнеме уште повеќе.

**Што е она што би требало општината да направи да се подобрат условите за спортување?**

Да се има поголем пристап до спортските сали и нивното користење да биде со помали кирии. Да се афирмираат повеќе младите спортисти со нивните спортски достигнувања како позитивен пример за другите, преку локалните електронски медиуми од територијата на општина. За ова може да се искористи и собранискиот канал на МТВ во слободните термини.




**2011**

**АЗИЗ ИСМАИЛ**
**Место** Нови Сад Србија (05-07.02.2010)
**Шампионат** 37-ми Европски Карате Шампионат за кадети, јуниори и јуниори до 21 година
**Пласман** Трето место - бронзен медал
**Категорија** Борби до -57кг(кадети)
**Земји** 46
**Натпреварувачи** 29

**ВИКТОР КРСТЕВСКИ, АЗИЗ ИСМАИЛ, КРСТЕ МИШЕВ И БОЈАН ЈОВАНОВСКИ**
- (дел од 7-члената екипа во борби КАДЕТИ-ЈУНИОРИ)
- Прв екипен медал во борби во историјата на Карате Федерација на Македонија за оваа категорија

**Место** Анкара, Турција (04-05.06.2011 година)
**Шампионат** 9-ти Европски Шампионат за региони
**Пласман** Трето место - бронзен медал
**Категорија** Екипно борби машки кадети-јуниори
**Учесници** 44 региони
**Тимови** 18

**ИВО ЦВЕТКОВСКИ, ОГНЕН ГРУЕВСКИ, ФЕРАТ КОРБУЛИКИ, МАРТИН НЕСТОРОВСКИ, СТОЈАН ТАСЕВСКИ**
- (дел од 7-членета екипа во борби)

**Место** Сараево, Босна и Херцеговина (22-24.07.2011)
**Шампионат** 5-ти Европски Универзитетски Карате Шампионат
**Пласман** Вицешампионска титула - сребрен медал
**Категорија** Екипно борби машки
**Учесници** 103 универзитети
**Тимови** 12

**ИВО ЦВЕТКОВСКИ**
**Место** Сараево, Босна и Херцеговина (22-24.07.2011)
**Шампионат** 5-ти Европски Универзитетски Карате Шампионат
**Пласман** Вицешампионска титула - сребрен медал
**Категорија** Борби до -75кг
**Учесници** 103 универзитети
**Натпреварувачи** 27

**СТОЈАН ТАСЕВСКИ**
**Место** Сараево, Босна и Херцеговина (22-24.07.2011)
**Шампионат** 5-ти Европски Универзитетски Карате Шампионат
**Пласман** Вицешампионска титула - сребрен медал
**Категорија** Борби до -84кг
**Учесници** 103 универзитети
**Натпреварувачи** 20

**ОГНЕН ГРУЕВСКИ**
**Место** Сараево, Босна и Херцеговина (22-24.07.2011)
**Шампионат** 5-ти Европски Универзитетски Карате Шампионат
**Пласман** Трето место - бронзен медал
**Категорија** Борби до -84кг
**Учесници** 103 универзитети
**Натпреварувачи** 20

**МАРТИН НЕСТОРОВСКИ**
**Место** Сараево, Босна и Херцеговина (22-24.07.2011)
**Шампионат** 5-ти Европски Универзитетски Карате Шампионат
**Пласман** Трето место - бронзен медал
**Категорија** Борби до +84кг
**Учесници** 103 универзитети
**Натпреварувачи** 19

**МАРТИН НЕСТОРОВСКИ**
**Место** Сараево, Босна и Херцеговина (22-24.07.2011)
**Шампионат** Светска КАРАТЕ 1 Премиер Лига
**Пласман** Прво место и титулата ГОЛЕМ ПОБЕДНИК на Светската КАРАТЕ 1 Премиер Лига
**Категорија** Борби до +84кг
**Земји** 38
**Натпреварувачи** 83



Од дворот на семејството Бешлиовски

## Контакти со Општина Гази Баба

**Адреса:**
Бул. "Александар Македонски" 66, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02 / 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02 / 3 21 22 76 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за правни и Општи работи | 02 / 3 22 59 32 |
| Сектор за јавни дејности | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за Финансиски прашања | 02 / 3 22 56 55 |
| Сектор за урбанизам, комунални работи и сообраќај | 02 / 3 23 95 34 |
| Сектор за заштита на животната средина и природата | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за локален економски развој | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за инспекциски работи инспекторат | 02 / 3 22 66 55 |
| **Факс** | 02 / 3 23 89 66 и 02 / 3 21 51 12 |
| **e-mail** | **redakcija@gazibaba.gov.mk** |
| **Интернет адреса** | **www.gazibaba.gov.mk** |
| **Бесплатна телефонска линија на Општина Гази Баба** | **0800-42-222** |

Општина Гази Баба

**Главен и одговорен уредник:**
Емилија Кипровска

**Компјутерска обработка и дизајн:**
Дејан Стојанов

**Печати:**
Европа 92

**Тел:** 02/ 3 22 66 55;
3 23 89 66;